| | | |
|---|---|---|
| | | како и проодноста на студентите кои го положиле предметот. |

<table>
<tr><td rowspan="10">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Ropac D. Stasevic I.</td><td>Socijalno i zdravstveno zakonodavstvo</td><td>Medicinska naklada, Zagreb</td><td>2018</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Николовска Ј, Коколански В.</td><td>Авторизирани предавања</td><td>Стоматолошки факултет - Скопје</td><td>2023</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Донев Д., Спасовски М., Тозија Ф., Ќосевска Е.</td><td>Социјална медиицна</td><td>Медицински факултет - Скопје</td><td>2013</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Tulchinsky T, Varavikova E.</td><td>The new public heath:Third Edition.</td><td>Elsevier, Academic Press</td><td>2014</td></tr>
</table>

Ред.број: 26

<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="4">Предметна програма од втор циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">НАУЧНИ АСПЕКТИ НА ДЕНТАЛНИ КЕРАМИЧКИ СИСТЕМИ</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">МСИПКС2</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Втор циклус на академски (магистерски) студии на стоматолошки науки за доктори по дентална медицина</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Стоматолошки факултет – Скопје, УКИМ<br>Катедра по стоматолошка протетика</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор (II) циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година / семестар</td><td>Година</td><td>1</td><td>семестар</td><td>II</td></tr>
<tr><td>7</td><td>Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити</td><td colspan="4">5</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)</td><td colspan="4">Проф. Емилија Бајрактарова Ваљакова</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="4">Македонски јазик</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Слушани сите предмети од I семестар |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Целта на предметната програма е стекнување на поопширни знаења за денталните керамички системи, карактеристиките на различни керамички материјали и индикациите за нивна употреба, техники за работа со нив, трендови во фиксната протетика – дигитализација на процесот на изработка на фиксно-протетичките керамички реставрации, методи за тестирање на керамичките материјали и нивната биокомпатибилност.<br>Компетенциите со кои се стекнуваат студентите со положување на испитот се: донесување на правилна одлука - соодветен избор на керамички материјал за секој клинички случај одделно и избор на најсоодветна техника за работа, способност за избирање на соодветни инструменти и техники за обработка на керамичките реставрации при нивно упасување во устата на пациентот, способност за избирање на материјал (цемент) за трајно фиксирање на керамичките реставрации, познавање на материјалите и методите за подготовка на бондирачките површини за трајно фиксирање на реставрациите, способност за спроведување на техниките за репарација на фрактурирани керамички реставрации, способност за избирање на метод за лабораториско и клиничко тестирање на материјалите во функција на изработка на магистерска теза поврзана со керамички материјали. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава:**<br><br>1. Вовед во керамичките системи – метал керамички и целосно керамички системи, историски развој на керамичките материјали; студентот се воведува во предметот, се запознава со основните својства на материјалите и прави разлика помеѓу метал керамичките и целосно керамичките системи. - 2 часа<br>2. Метал керамички системи – керамика за метал керамички реставрации, типови на врски врз кои се базира врската помеѓу денталната легура и фасетната керамика, дизајн на метал керамичките реставрации, фрактура на фасетната керамика и репаратура на метал керамичките реставрации; студентот се стекнува со детални знаења поврзани со метал керамичките системи. -2 часа<br>3. Современи целосно керамички системи – класификација на целосно керамичките материјали, хемиски состав и микроструктура; студентот се запознава со современите керамички материјали, знае да ги класифицира според нивниот хемиски состав, јачината и микроструктурата, ги знае индикациите и контраиндикациите за нивна употреба, знае да процени кој керамички материјал може да го употреби во одреден клинички случај. -2 часа<br>4. Циркониум диоксидни керамички материјали; студентот ги познава различните типови на циркониум диоксид, нивниот хемискиот состав, физичките и механичките својства, ги знае индикациите и контраиндикациите за нивна употреба. -2 часа<br>5. Специфичности при обработка на циркониум диоксидни реставрации; студентот ја учи методологијата за работа со циркониум диоксидот, знае кои инструменти да ги употреби за обработка на циркониум диоксидните реставрации и начинот на обработка, го разбира влијанието на несоодветната обработка врз менувањето на кристалографската структура. -2 часа<br>6. Техники за работа со целосно керамичките материјали; студентот ги познава техниките што се користат за изработка на реставрации од |

| | | |
|---|---|---|
| | | керамички материјали: техника на синтерување, жешко пресување, техника на наслојување, CAD/CAM техника, 3Д печатење.- 2 часа<br>7. Современи дигитални постапки; студентот се обучува да земе дигитален отпечаток со интраорална камера, се запознава со современите техники што се користат во заботехничката лабораторија, ги знае фазите при дигитална изработка на реставрациите.- 2 часа<br>8. Дискусија за денталните керамички материјали, студентот во потполност знае да направи избор на керамичкиот материјал врз основа на усвоените знаења за хемискиот состав и внатрешната структура на керамиките, ги знае техниките и фазите за изработка на реставрациите, вклучително и специфичностите при работата со различни керамички материјали. -2 часа<br>9. Керамички реставрации, монолитни и двослојни реставрации; студентот знае да направи разлика помеѓу еднослојни – монолитни и реставрации изработени од различни материјали, техниките за нивна изработка, предностите и недостатоците на овие два различни системи.- 2 часа<br>10. Цементирање на метал керамички и целосно керамички реставрации; студентите ги знаат цементите што се користат за трајно прицврстување на фиксно-протетичките реставрации во зависност од материјалите од кои е изработена реставрацијата, се запознаваат со различните материјали и методи за подготовка на бондирачките површини на керамичките реставрации.- 2 часа<br>11. Техники и материјали за репарација на фрактурирани целосно керамички реставрации; студентот ги совладува различните техники што се користат при фрактура или откршување на керамичкиот материјал во зависност од големината на дефектот и типот на целосно керамичката реставрација. -2 часа<br>12. Примена на керамичките материјали во имплантологијата; студентот се запознава со керамичките материјали што се користат за изработка на супраструктура над дентални импланти (коронки и мостови), вклучително и за изработка на хибридни абатменти. -2 часа<br>13. Методи за тестирање на физичките и механичките својства на денталните керамички материјали; студентот се запознава со методите за тестирање на физичките и механичките својства на керамичките материјали со цел нивно испитување, лабораториски тестови за in-vitro истражување и можност за клинички in-vivo истражувања. -2 часа<br>14. Биокомпатибилност на керамичките материјали што се користат во стоматологијата, ткивни реакции и методи за утврдување на биокомпатибилноста на материјалите; студентот се запознава со биолошките својства на керамичките дентални материјали и методите за нивно тестирање: in vitro тестови, тестирање на животни, in vivo клинички испитувања. -2 часа<br>15. Дискусија за постигнатите знаења за керамичките системи, примена на современата дигитална технологија при изработка на керамички реставрации, методи за тестирање на денталните керамики. -2 часа<br><br>**Вкупно: 30 часа**<br>**Вежби/Семинари:30 часа**<br><br>**Студиска истражувачка работа** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Анализа на современите и релевантни научно-истажувачки трудови и научна литература од областа на керамичките дентални системи. -30 часа | | | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Знаењата стекнати од овој предмет ќе се искористат за совладување на наставната програма од други предмети поврзана со керамичките реставрации. | | | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Истражување и проучување на современата литература поврзана со наставната програма и подготовка на семинари и презентации; презентација на предвидената наставна програма и дискусија по завршување на предавањата; демонстрирање на работните фази при фиксно-протетичка рехабилитација со керамички реставрации, интраорална репарација на фрактурирани керамички реставрации. | | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 150 | | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава: часови | 30 | | |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски), семинари, тимска работа: часови | 30 | | |
| | | 16.3. | Пракса: часови | | | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 30 | | |
| | | 17.3. | Домашно учење – задачи: часови | 60 | | |
| 18 | Услови за потпис | Редовна посета на предавања, вежби, активност на истите и освојување на минимум 51 бод од предвидените активности | | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | | | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 0 – 20 | | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | до 80 | | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот. | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Јагода Бајевска | Стоматолошка керамика | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 2. | Marko Jakovac | Protocol: Standardization in Fixed Prosthodontics | | 2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Bajraktarova Valjakova E, Korunoska Stevkovska V, Kapusevska B, Gigovski N, Bajraktarova Misevska C, Grozdanov A. | Contemporary dental ceramic materials, a review: chemical composition, physical and mechanical properties, indications for use. | Open Access Maced J Med Sci. | 2018;6(9):1742-55. |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Bajraktarova Valjakova E, Guguvcevski Lj, Korunoska Stevkovska V, Gigovski N, Kapusevska B, Mijoska A, Bajevska J, Bajraktarova Misevska C, Grozdanov A. | Dental ceramic materials, Part I: Technological development of all-ceramic dental materials | Стоматолошки факултет: Macedonian Dental Review | 2018;41(1-2):30-4. |

Ред.број: 27

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од втор циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ЈАВНО ЗДРАВСТВЕНИ АСПЕКТИ ВО ГЕРОНТОСТОМАТОЛОГИЈАТА | | | |
| 2. | Код | МСИПЈГЗ | | | |
| 3. | Студиска програма | II циклус академски магистерски студии по стоматолошки науки | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ -Стоматолошки факултет –Скопје<br>Катедра за стоматолошка протетика | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | | семестар | |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 5 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. Јулијана Николовска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Слушани сите предмети од I семестар | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Запознавање со процесите на стареење и неопходност од навремена стоматолошка заштита кај геријатриските пациени преку можностите за превенција од оралните заболувања, методите на санација и пружање на најсоодветна | | | |